# БЛАГОДАРНОСТ

Авторите им се заблагодаруваат на сите соработници вклучени во процесот на реализација на истражувањето, особено на корисниците на услуги на неформалното образование (учесници на обуките) и провајдерите на неформално образование и обука, коишто со своите одговори овозможија да се обезбедат релевантни податоци за состојбата.
Авторите ѝ се благодарни и на Проектната единица на E4E@mk, посебно на Аница Алексова за практичните совети и за стручната поддршка.

Тимот кој го спроведе истражувањето, сите вработени во Центарот за образование на возрасни и и вработените во Проектната единица на E4E@mk изразуваат жалење за прерана загуба на членот на тимот Раметула Абдураими.

## Автори на извештајот:

Елена Ризова, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Филозофски факултет - Скопје

Линдита Ќазими, Центар за образование на возрасните

Раметула Абдураими, Центар за образование на возрасните

Ирена Милков, Центар за образование на возрасните

Маја Крстевска, Центар за образование на возрасните

Мевљане Зулфиќари, Центар за образование на возрасните

Лилјана Лазова, Центар за образование на возрасните

Халит Јонузи, Центар за образование на возрасните

Истражувањето и извештајот се подготвени од Центарот за образование на возрасни со поддршка од проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“ E4E@mk.

Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и политиката на Проектот, имплементаторите на Проектот и донаторот.

# СОДРЖИНА

1. ВАЖНОСТ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ И НЕГОВАТА ПАЗАРНА ОРИЕНТИРАНОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ ........ 8

2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 11

3. РЕЗУЛТАТИ ........ 14

3.1. Пазарна ориентираност на програмите за неформално образование на возрасни ........ 14

Понуда на услуги/обуки во неформалното образование ........ 16

Заинтересираност за понудата на услуги/обуки во неформалното образование ........ 17

3.2. Инклузивност на програмите за неформално образование на возрасни ........ 23

3.3 Реализација на програмите за неформално образование на возрасните ........ 30

3.4 Соработка со потесната и поширока општествена средина ........ 32

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ........ 36

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 39

# Листа на скратеници

АВРСМ – Агенција за вработување на Северна Македонија

ИЛО – Меѓународна организација на трудот

НФОВ – неформално образование на возрасни

ОВ – образование на возрасни

СОО – стручно образование и обука

ССО – средно стручно образование

ССУ – средни стручни училишта

ЦОВ – Центар за образование на возрасните

ЦСОО – Центар за стручно образование и обука

# Клучни поими

**Понудувачи на услуги во НФОВ:**

а) установа за образование на возрасните е училиште, високообразовна установа, како и специјализирани установи за образование на возрасните и

б) институција за образование на возрасните е правно или физичко лице што има регистрирано дејност за образование на возрасните.

**Корисници на услугите на НФОВ** сѐ учесници на обуките организирани од понудувачите на услуги (верифицирани провајдери на обуки).

Во Извештајот, согласно со контекстот во реченицата, како синоними се користат термините:

а) понудувачи на услуги во НФОВ, провајдери за НФОВ, провајдери;

б) корисници на услугите во НФОВ, учесници на обуки, крајни корисници.



# ВОВЕД

Во рамки на соработката и поддршката на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) во Република Северна Македонија, во почетокот на месец март 2018 година започна да се реализира проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“ (E4E@mk)[1]. Главната цел на Проектот е да придонесе за подостоинствено вработување на младите, а особено на ранливите групи, на социјално инклузивен и одржлив начин.

Ова се очекува да се постигне преку развој на стручни вештини што се повеќе пазарно ориентирани, преку неформалното образование и обуки, подобрена соработка меѓу средното стручно образование и работодавачите, посебно во делот на практичната настава на учениците, како и преку подобрена законска рамка за развој на стручните вештини. Во својата прва фаза (2018–2022), во посебен фокус на Проектот се 7 сектори (здравство и социјални грижи, лични услуги, угостителство, агросектор, прехранбено-технолошки сектор, машинство и електротехнички сектор – ИТ профили) во 4 плански региони во државава (Југоисточен, Југозападен, Полог и Скопје). Проектот е реализиран од швајцарската интеркооперација „Хелветас“ во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија, во тесна соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните, бизнис-секторот и други релевантни владини и невладини организации.

Една од битните почетни активности на Проектот беше да се добијат релевантни информации за состојбата и ставовите на понудувачите и ко-

1 Понатаму во документот E4E@mk или Проектот.

рисниците на обуки во неформалното образование и за неговата пазарна ориентираност и инклузивност на обуките. Имајќи го предвид системскиот приод, проектната единица на E4E@mk реализацијата на истражувањето ѝ ја додели на тим од ЈУ Центар за образование на возрасните на кој му обезбеди поддршка од надворешен експерт. Истражувачките активности и обработката на добиените податоци вклучуваа сеопфатен пристап на консултации и испитување на ставовите на сите засегнати страни во понудата и реализацијата на неформалното образование на возрасните (провајдери на обуки, корисници на услуги, општини и средни стручни училишта) со посебен фокус на понудувачи на услуги/провајдери, и на корисниците на програмите (учесници во обуките).

Истражувачкиот тим изготви и спроведе инструменти за прибирање податоци во врска со ставовите на: верификувани понудувачи на услуги за образование на возрасни, корисници на програмите за неформално образование на возрасни, претставници од институциите за формално стручно образование и обука, општини во кои се нудат програми за неформално образование на возрасни; како и фокус-групи со претставници на понудувачи на услуги за образование на возрасни. Податоците се собрани преку соодветен софтвер и преку теренска работа на истражувачкиот тим.

Истражувањето е од квантитативен и квалитативен карактер, каде што покрај ставовите добиени како одговори на прашањата во прашалниците, се користат и квалитативни истражувачки техники (интервју и фокус-групи), како и проучување на литература и релевантни претходни истражувања.

Овој Извештај произлегува од анализата на прибраните податоци и има намера да одговори на прашања коишто би помогнале за реализација на активностите во Проектот во насока на подобрување на целокупното функционирање на неформалното образование и обука, од аспект на неговата ефективност, релевантност, инклузивност и квалитет.



# 1 ВАЖНОСТА НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ И НЕГОВАТА ПАЗАРНА ОРИЕНТИРАНОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ

Брзите промени во однос на побарувањата на нови вештини и компетенции во сферата на трудот, кои се условени првенствено од значителниот развој на техниката и технологијата, го ставаат образовниот систем (особено стручното образование и обука и образованието на возрасните) пред голем предизвик – *Како да се оспособат младите луѓе со вештини и компетенции потребни за пазарот на трудот на иднината?*

Европските и светските економии сè повеќе се потпираат на ремедитативната моќ што ја има неформалното образование и обука за дополнување на празнините на формалното образование, како и „држење чекор" со новите и современи занимања што се условени од новиот начин на живеење, учење и работење. Преку неформалното образование и обука, младите и возрасните можат да се стекнат со компетенции и да ги унапредат, да се здобијат со соодветна квалификација и да станат конкурентни на пазарот на трудот, но тоа служи и како средство за личен развој и исполнување, како и активно граѓанство. Ова, меѓу другото, е можно поради неговата поголема флексибилност и можност за побрзо приспособување како на потребите на учесниците на обуките така и на потребите на работодавачите.

Денес, повеќе од кога било, од клучно значење е сите граѓани да добиваат високо квалитетно образование и обука за да се опремат со клучни компетенции што им се потребни да бидат економски активни и вработливи и да го подобрат животот во целина. Како последица на тоа, секоја земја треба да се фокусира на континуирано зајакнување на работната сила со знаења, вештини и ставови, кои не можат да бидат стекнати само преку формалниот образовен систем[2].

Во време на нагласени економски турбуленции проследени со кризи, а и со потреби што тешко се предвидуваат, светот се соочува со сериозни предизвици во поглед на вработувањето и со големиот дефицит на работни места. Трите години (по 2012 година) на континуирани кризни состојби на глобалните пазари на работна сила предизвикаа зголемување на невработеноста за 27 милиони лица споредено со почетокот на кризата, која, според проекцијата на ИЛО, ќе расте и во 2019 година и ќе достигне, во светски рамки, близу 200 милиони невработени[3].

2 Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2017–2020, Скопје: МОН, ЦСОО и ЕТФ.
3 ILO: World Employment and Social Outlook: Trends 2019, International Labour Office, Женева.

Во 2017 година, во светот, повеќе од 80 милиони млади на возраст од 15 до 24 години се невработени. Глобалната стапка на невработеност на младите, од 13,4 проценти, е за два проценти повисока од нивото пред економската криза[4]. Во анализата на Интернационалната организација за труд може да се забележи дека перзистираат нееднаквостите на пазарот на трудот од полова, возрасна, секторска и од друга основа. Половите разлики се од особена важност, бидејќи на глобално ниво сè уште постои значителна разлика во невработеноста меѓу машките и женските лица (повеќе од 26 процентни поени), што значи половата дискриминација е сè уште присутна не само во неразвиените и земјите во развој туку и во развиените земји во светот. Недостигот од можности за вработување е еден од поголемите глобални предизвици за младите во сферата на трудот. Шансите за вработување на младите (со глобална стапка на невработеност од 13 проценти) се многу помали за разлика од возрасните, (стапка од 4,3 проценти).

Демографските трендови, кои се карактеризираат со сè поголем процент на возрасно население, исто така придонесуваат за зголемување на притисокот на пазарот на трудот. Имено, како резултат на животниот век на човекот и намалениот прираст на населението во светот, светскиот прираст на популацијата е во значителен пад и таквата траекторија се очекува да продолжи и во следните неколку декади. Се проценува дека во 2030 година[5], во развиените земји во светот, пет од десет вработени ќе имаат над 65 години, за разлика од 3,5 вработени од десет во 2017 година. Тоа значи дека пред возрасната популација се поставуваат нови предизвици што ја принудуваат да ги осовременува своите компетенции во контекст на иновациите и структуралните промени на пазарот на трудот.

4 International Labour Organization, ILOSTAT database. Data retrieved in September 2018.

5 World employment social outlook – trends 2018, International labour office, Geneva.

Во Република Северна Македонија, според последната процена на населението[6] (состојба на 31.12.2017 година), има 2 075 301 жител, а според структурата по пол 50,1% се мажи, а 49,9% се жени. Просечната возраст на населението е 39 години, со зголемен тренд на стареење. Поради ова, особено внимание треба да се посвети на прашањето за подобрување на условите за живеење и работа за младите. Според анализата со наслов „Сериозноста на состојбата со млади луѓе кои се надвор од образованието, од обуките и се невработени: Како да се справите со тоа?“ (Б. Новковска, 2017)[7], *„учеството на младите на возраст од 15 до 24 години во вкупното работоспособно население е во постојан пад. Така, во 2016 година тоа изнесува 16,3 %, во споредба со 19,0 % во 2011 година. Во исто време, дистрибуцијата на млади луѓе, според економскиот статус на пазарот на трудот, покажува дека 68,7 % се неактивни; 16,2 % се вработени и 15,1 % се невработени; жените се помалку активни на пазарот на трудот и се со помала веројатност од мажите да најдат работа. Стапката на невработеност на младите луѓе (15–24 години) во Македонија беше 48,2 % во 2016 година и значително е над онаа на земјите од ЕУ каде што просечната стапка на невработеност е 18,7 %“.*

Во исто време, стручното образование и обука е подложено на низа реформи во текот на изминатата деценија, а и денес. Стратегијата за стручно образование и обука 2013–2020 година во контекст на доживотното учење, детектираше низа слабости во оваа сфера и со неа се трасираше развојот на СОО во Република Северна Македонија според европските и светските трендови. Светската банка во Република Северна Македонија, го поддржа ЦСОО да изготви Концепција за модернизација

6 Извор:Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/MakStat_IZBOR_2018.pdf

7 Blagica Novkovska. 2017. Severity of the Issue of Excluded Young People in Macedonia from Education, Trainings and Employment: How to Cope With? UTMS Journal of Economics 8 (3), 295–306.

на техничкото[8] образование; се изготвуваат стандарди на квалификации според европските насоки за креирање на стандарди за адаптибилна и конкурентна работна сила, итн. Стратешките промени во стручното образование и обука треба да резултираат со флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на доживотното учење, прилагодено на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Ваквото стручно образование, како и образованието и обука на возрасните треба да го поддржи општествено-економскиот развој на Република Северна Македонија, нудејќи им на учениците/учесниците, можност да стекнат знаења, вештини и компетенции неопходни за вршење работа – квалификации потребни на пазарот на трудот, но и за продолжување на образованието.

Иако образованието на возрасни, не само што е важен, туку е и стратешки елемент за економскиот и општествениот развој во државата, сè уште недостасува поголема ориентираност, интерес кон него, како и вистинска посветеност за негов развој. Ова, меѓу другото, предизвикува зголемување на неповолната образовна структура на населението, недоволно ефикасно преструктурирање на работната сила, како и немање поголеми можности за вистинска заштита на маргиналните и загрозените групи. Образованието на возрасните треба да се прифати како образование од посебен општествен интерес што е дел од глобалните политики за економски развој. Принципот на инклузивност во стручното образование и обука и образованието на возрасните подразбира вклученост на сите и развивање повисока свест за меѓусебна поврзаност, зависност и солидарност, без разлика на: раса, пол, попреченост; социјална, етничка, религиска и културна припадност; како и материјална и здравствена состојба. Инклузивноста всушност значи обезбедување пристап, услови за вистинска вклученост и напори за постигнување резултати на сите ученици/учесници во процесот на поучување и обука[9].

Истражувањето за Образование на возрасните[10] во Република Северна Македонија, спроведено во 2016 година, обезбеди поголема слика за популацијата која учествува во обуката за возрасни:

- Вкупното учество во неформалното образование и обуката на населението на возраст од 26 до 64 години е само 12,7%.
- Од територијална перспектива постои јасен јаз меѓу урбаното население (76% од учесниците на образование за возрасни) и руралното население.
- Поделбата според нивото на образование покажува дека: 59% учесниците се со високо образование, 38% имаат средно образование и само 3% имаат пониско од средно образование.
- Постои минимален родов гап (46% жени).
- Статусот на повеќето учесници во образованието за возрасни е „вработено лице" (79%), само 14% од корисниците се неактивни и само 7% се невработени.

8 Четиригодишно средно стручно образование и обука.

9 Согласно со трипартитниот систем на ОЕЦД за одредување на лицата за кои е потребна поголема инклузивност што (посебно во системите за образование и обука) ги опфаќа следниве категории: А/хендикеп: Лица/ученици со попреченост или оштетувања гледани од медицински аспект како органски нарушувања што се последица на органски патологии (на пример, во однос на сензорни, моторни или невролошки недостатоци). Се смета дека потребата на лицето произлегува главно од проблеми што можат да се припишат на ваквиот хендикеп. Б/тешкотии: Лица/ученици со нарушувања во однесувањето или емоциите или специфични тешкотии во учењето. Тешкотиите главно се поврзани со интеракцијата меѓу лицето/ученикот и средината/образовниот контекст. В/недостатоци: Лица/ученици со недостатоци, кои главно произлегуваат од социоекономски, културни и/или лингвистички фактори.

10 Adult Education Survey, 2016 – Извор: Државен завод за статистика



# 2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за пазарната ориентираност и инклузивноста на програмите за неформално образование на возрасните беше реализирано во три фази:

- Првата фаза се однесува на утврдување на методологијата, креирање инструменти, детектирање на целните групи на испитаници (примерокот на истражувањето) и формирање база со информации за испитаниците/учесници, кои биле обучени во рамки на НФОВ во 2017 и 2018 година;
- Втората фаза го претставува прибирањето на податоци од испитаниците;
- Третата фаза се однесува на анализата и интерпретација на добиените резултати.

## Примерок

Во системот за неформално образование – образование на возрасните, во Република Северна Македонија во 2017 и до септември 2018 година биле верификувани вкупно 125 програми за неформално образование. Вкупно имало 1 534 корисници на услугите на НФОВ (учесници на обуките).

Примерокот користен во истражувањето е стратификуван според секторите и регионите релевантни за проектот E4E@mk[11], но и пригоден, според достапните податоци на ЦОВ за верификувани понудувачи на услуги и корисници што ги посетувале обуките за неформално образование на возрасни во проекните сектори и региони.

Податоците со кои располага ЦОВ покажуваат дека во 2017 и до септември 2018 година во проектните сектори и региони:

- биле активни 31 понудувач на услуги, а истражувањето опфати 29 (или 93,54 % од активните понудувачи на услуги), вклучувајќи и 7 средни стручни училишта што се верификувани понудувачи на услуги;
- вкупниот број на учесници на обуките бил 432, за кои со помош на провајдерите се формираше дата-база; во истражувањето беа вклучени и се прибрани податоци од 113 (или 26,15 %) учесници на обуките;

11 Сектори: здравство и социјални грижи, лични услуги, угостителство, агросектор, прехранбено-технолошки сектор, машинство и електротехнички сектор – ИТ-профили; плански региони: Југоисточен, Југозападен, Полог и Скопје.

- во четирите региони има 10 поголеми урбани средини, а во истражувањето се вклучени претставници од Охрид, Струга, Тетово и град Скопје; и
- податоците се прибрани од претставници од 6 средни стручни училишта, кои не се понудувачи на услуги за неформално образование на возрасни.

Дополнително, во рамки на фокус-групите беа опфатени претставници од 23 понудувачи на услуги за НФОВ од четирите региони.

Регионалната дистрибуцијата на испитаници/учесници на обуките кои одговориле на прашалникот, според полот, се дадени во табела 1 и графикон 1 (два корисници на услугите не го навеле полот).

Табела 1: Процент на вклучени испитаници по пол

| Пол | Скопје | Полог | Југозапад | Југоисток | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 38,5 % | 38,5 % | 0,0 % | 23,1 % | 100% |
| Женски | 61,2 % | 21,2 % | 1,2 % | 16,5 % | 100% |

Графикон 1. Број на вклучени испитаници по регион, според полот



Средните стручни училишта, вклучени во истражувањето, кои имаат верификувано програми за НФОВ се од следните региони: Југоисток (2 училишта), Полог (2 училишта) и Скопски Регион (3 училишта).

## Инструменти користени во истражувањето

За прибирање на податоците, се користеа два вида на инструменти со цел да се добие методолошка триангулација при понатамошното процесирање на податоците: прашалник – скалер и протокол за структурирано интервју. Имено, беа изготвени 4 прашалници наменети за четирите целни групи од примерокот (подетално во табела 2): верификувани понудувачи на услуги за неформално образование на возрасни; корисници на програми за неформално образование на возрасни (учесници на обуките); претставници од општините и претставници од средното стручно образование.

Анкетирањето се одвиваше по електронски пат во периодот од октомври до ноември 2018 година.

Специфични квалитативни податоци се добија и по пат на интервјуирање, односно реализација на 4 фокус-групи со понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните од четирите региони од Проектот.

Табела 2: Опис на користените инструменти

| Код | Испитаници | Опис на инструментот |
|---|---|---|
| АА | Понудувачи на услуги за образование на возрасни | ▶ 8 прашања со кои се прибираат општи информации (статус на организацијата, регион, сектор/профил во кој нудат обука, сектор/профил со најголем број учесници во 2017 и 2018, вкупен број на понудени програми за обука, начин на одлучување за понуда на програмите и вкупен број на учесници и специфики за учесниците: пол, социоекономски статус, етничка припадност, попреченост, статус на вработени/невработени).<br>▶ Петстепена Ликертова скала со 14 ставки за специфични информации во врска со пазарната ориентираност, инклузивност и квалитет на понудата. |
| АЕ | Понудувачи на услуги за образование на возрасни | ▶ Протокол за структурирано интервју со кој се прибираат општи информации (статус на организацијата, регион, сектор/профил во кој нудат обука, сектор/профил со најголем број учесници во 2017 и 2018) како и 5 теми за дискусија кои водат до добивање информации во врска со пазарната ориентираност, инклузивност и квалитет на понудата. |

| | | |
|---|---|---|
| AB | Средни стручни училишта | ▶ 5 прашања со кои се прибираат општи информации (општина, сектори/профили застапени во училиштето, сектор/профил со најголем број ученици во 2017 и 2018, вкупен број на ученици завршени во 2017 и запишани во 2018, специфики за учениците: пол, социоекономски статус, попреченост, етничка припадност).<br>▶ Петстепена Ликертова скала со 15 ставки за специфични информации во врска со пазарната ориентираност, инклузивност и квалитет на понудата. |
| AC | Корисници на програми за НФОВ | ▶ 9 прашања со кои се прибираат општи информации (пол, возраст, регион, етничка припадност, степен на образование, сектор/профил од кој била обуката, статус на вработени/невработени, информираност за обуката).<br>▶ Петстепена Ликертова скала со 11 ставки за специфични информации во врска со пазарната ориентираност, инклузивност и квалитет на обуката. |
| AD | Општини | ▶ 5 прашања со кои се прибираа општи информации: општина, сектор/профил во кој се нудат обуки, сектор/профил со најголем број учесници во 2017 и 2018, вкупен број на понудени програми за обука, вкупен број на учесници и специфики за учесниците: пол, социоекономски статус, географски статус, етничка припадност, попреченост, статус на вработени/невработени).<br>▶ Петстепена Ликертова скала со 7 ставки за специфични информации во врска со пазарната ориентираност, инклузивност и квалитет на понудата. |



# 3 РЕЗУЛТАТИ

Анализата и интерпретацијата на податоците е фокусирана кон тоа да се дадат одговори на истражувачките прашања поврзани со четирите индикатори:

1. Пазарна ориентираност на програмите за неформално образование на возрасните.
2. Инклузивност на програмите за неформално образование на возрасните.
3. Реализација на програмите за неформално образование на возрасните.
4. Соработка со поширoката општествена средина.

## 3.1. Пазарна ориентираност на програмите за неформално образование на возрасните

Пазарната ориентираност на програмите за НФОВ е еден од клучните индикатори за успех, атрактивност и пласман на човековиот капитал на пазарот на трудот. Иако оваа проблематика е многу комплексна и бара длабинско истражување и анализа на состојбите и од аспект на работодавачи како „крајни корисници", за потребите на ова истражување се испитувани ставовите на понудувачите на обуки/провајдерите во НФОВ и корисниците/учесници на обуките.

За понудувачите на услуги на НФОВ, пазарната ориентираност на понудата, всушност е двонасочна: од една страна е насочена кон корисниците на услуги/учесниците на обуки, а од друга страна кон потребите на работодавачите.

Во врска со ориентираноста на програмите за неформално образование кон пазарот на труд, односно побарувачката на компаниите, во секој од инструментите имаше група на прашања. При анализата на одговорите е направен агрегиран индекс од соодветните прашања (ставки) и е направено дополнително пресметување на степенот на согласност од испитаниците на скала од 1 до 4 (одговорите во категоријата „немам мислење" се прекодирани).

Подеталeн опис на прашањата во прашалниците што се користени за индексот за пазарна ориентираност е даден во табела 3, а одговорите на испитаниците на графикон 2.

Табела 3: Прашања во врска со пазарната ориентираност

| Код | Испитаници | Опис на ставките во инструментот |
|---|---|---|
| AA | Понудувачи на услуги за образование на возрасни | ▶ Побарувачка на пазарот на труд за понудените програми<br>▶ Современост на понудените програми<br>▶ Користење на анализи, консултации со работодавачите и високото образование за потребните/дефицитарни кадри во државата<br>▶ Користење современи алатки, материјали, опрема во согласност со потребата на работното место |
| AB | Средни стручни училишта | ▶ Побарувачка на пазарот на труд за струките/профилите што ги нуди училиштето<br>▶ Современост на наставните програми и/или потребата за нивно приспособување<br>▶ Консултации со работодавачите и високото образование за потребните/дефицитарни кадри во државата<br>▶ Степенот на користење современи алатки, материјали, опрема во согласност со потребата на работното место<br>▶ Практична обука во компании<br>▶ Можноста за вработување на учениците во соодветната струка/профил |
| AC | Корисници на програми за НФОВ | ▶ Стекнатите знаења, вештини и ставови помогнале за побрзо вработување/напредување на работното место<br>▶ Потреба од надоградување на компетенциите заради полесно вработување/напредување<br>▶ За време на обуката користење на современи алатки, материјали и опрема во согласност со потребата на работното место |
| AD | Општини | ▶ Побарувачка на пазарот на труд во општината за понудените програми<br>▶ Современост на понудените програми<br>▶ Користење на анализи, консултации со работодавачите за потребните/дефицитарни кадри во општината |

Врз основа на индексот се констатира дека:

- за 44,4 % од провајдерите (понудувачи на услуги), понудата целосно е ориентирана кон пазарот на труд;
- 45,4 % од корисниците на неформалното образование се согласуваат дека обуката што ја поминале целосно е ориентирана кон пазарот на труд.
- Може да се констатира дека покрај големата согласност во категоријата „целосно да“ и „главно не“ меѓу понудувачите и корисниците на НФОВ, понудувачите не се доволно критични во однос на сопствената понуда на обуки споредено со одговорите на учесниците на обуките.

Понатаму, во овој дел од Извештајот, подетално се анализирани аспектите и одговорите на испитаниците во врска со пазарната ориентираност на понудата.

Графикон 2. Согласност на провајдерите и на корисниците на услуги за пазарна ориентираност на обуките




## Понуда на услуги/обуки во неформалното образование

Според Законот за образование на возрасните, понудувачи на услуги/обуки за неформално образование на возрасните може да бидат различни институции: а) установа за образование на возрасните е училиште, високообразовна установа, како и специјализирани установи за образование на возрасните и б) институција за образование на возрасните е правно или физичко лице што има регистрирано дејност за образование на возрасните. Статусот на понудувачите на услуги вклучени во истражувањето, според нивните одговори на прашалникот, е даден на графиконот подолу.

Графикон 3: Процент на испитаници/провајдери за НФОВ според статусот на нивната институција




Од графиконот може да се заклучи дека најголем дел од понудувачите на услуги за НФОВ вклучени во истражувањето се компании, дел се отворените универзитети за доживотно учење, додека најмалку одговориле дека се од невладиниот сектор. Во категоријата друго, на барањето да се наведе што – наведени се комори и здруженија за образование и обука.

Во однос на регионалната распределба на провајдерите за НФОВ, најголем дел од нив се од Скопскиот Регион (60 %), додека помал број се од Полог (30 %) и Југоисток (10 %). Нема воопшто верификувани понудувачи на услуги од Југозападниот Регион во 2017 и 2018 година.

Во врска со понудата на услуги за неформално образование на возрасните, според одговорите на испитаниците, половина нудат обуки во секторот лични услуги, додека со помал процент во секторите: угостителство и туризам, како и здравство и социјална заштита. А и во категоријата друго, испитаниците даваат одговори за профили што спаѓаат во лични услуги.

Табела 4: Сектори во кои понудувачите на услуги за НФОВ нудат програми

| Сектор | % на понудувачи |
|---|---|
| Лични услуги | 50,0% |
| Угостителство и туризам | 20,0% |
| Здравство и социјални грижи | 10,0% |
| Друго (наведете што) | 20,0% |

Испитаниците/понудувачите на обуки во проектните региони, во 2017 и 2018 година немале понуда на обуки во секторите: машинство, агросектор, прехранбено-технолошки сектор, машинство и електротехнички сектор – ИТ профили.

Според одговорите од средните стручни училишта што се понудувачи на услуги, тие нудат програми од секторот здравство и социјални грижи (66,7 %), додека помалку се застапени електротехничкиот сектор; и во категоријата „друго“ се наведуваат сообраќајната струка и машинството. Анкетираните претставници на општините одговорија дека нудат најмногу програми од здравството и социјалната грижа, како и програми што не спаѓаат во наведените сектори во прашалникот, како на пример: оџачар на објекти за домување што користат цврсто и течно гориво, туризам и локален економски развој (ТЛЕР) и сл.

Вкупниот број на програми за неформално образование на возрасните што ги понудиле провајдерите во 2017 и 2018 година биле 45, што упатува на фактот дека еден понудувач на услуги за НФОВ има верификувано повеќе програми.

## Интерес за понудените услуги / обуки за неформално образование

Во врска со заинтересираноста на учесниците за обуките во НФОВ, понудувачите на обуки одговориле дека во 2017 и 2018 година најголем интерес имало за обуките од секторот лични услуги (60 % од испитаниците), останатите се во секторот угостителство (20 %), здравство и социјални грижи (10 %).

Претставниците од општините опфатени во истражувањето дале информации дека најголема заинтересираност меѓу учесниците имало за обуките за странски јазици, машинство и за оџачари. Според нив на ниво на општина, во различни сектори, во 2017 и 2018 година вкупно се реализирале 28 програми за НФОВ, а биле обучени вкупно 1 904 возрасни лица.

Табела 5: Структура на учесниците во програмите за НФОВ што биле вклучени во обуките за 2017 и 2018 година

| Структура на обучените* | % од вкупниот број обучени |
|---|---|
| Женски лица | 66,7% |
| Лица со неповолен социоекономски статус | 66,7% |
| Лица со попреченост | 3,2% |
| Лица од ромска етничка припадност | 14,2% |
| Лица од рурална средина | 66,7% |
| Вработени лица | 38,1% |
| Невработени лица | 61,9% |

* Едно лице најчесто се јавува во повеќе од една категорија.

Според податоците на понудувачите на услуги (табела 5), може да се констатира дека многу од учесниците на обуките биле со неповолен статус и/или маргинализирани по повеќе основи.

Структурата на учениците во ССО не се разликува многу во однос на структурата на учесниците во неформалното образование и обука. Во табелата подолу е прикажана процентуалната застапеност на учениците според категориите во прашалникот за училиштата во формалното образование.

Може да се забележи дека во формалното ССО, во училиштата кои одговориле на прашалникот, не се вклучени лица со попреченост, а лицата од ромска етничка припадност се застапени со многу мал процент (што е поврзано и со генералното учество на учениците Роми во средното образование). За разлика од учесниците во НФОВ, во ССО има помал процент (10,1 %) на ученици со неповолен социоекономски статус. И кај двата вида на обуки (во формалниот и неформалниот систем) во примерокот (региони и сектори) доминира женската популација.

Табела 6: Структура на учениците во ССО за 2017 и 2018 година во училиштата што одговориле на прашалникот

| Структура на учениците* | % од вкупниот број ученици |
|---|---|
| Женски ученици | 60,3% |
| Лица со неповолен социоекономски статус | 10,1% |
| Лица со попреченост | 0,0% |
| Лица од ромска етничка припадност | 1,1% |
| Лица од рурална средина | 42,2% |
| Вработени лица (ако училиштето е верифицирано како провајдер на обуки за возрасни) | 0,0% |
| Невработени лица (ако училиштето е верифицирано како провајдер на обуки за возрасни) | 0,0% |

* Едно лице може да се појави во повеќе од една категорија

## Начин на кој понудувачите на услуги/обуки одлучуваат за нивната понуда

За да се добијат информаци за тоа колку понудувачите на услуги се грижат за потребите на пазарот на труд од определени профили, тие беа запрашани за начинот на кој добиваат информации за потребата од одредена програма за образование и обука. Нивните одговори се дадени во табела 7.

Може да се констатира дека понудувачите на услуги за НФОВ кога одлучуваат за понудата за обука, најчесто се водат според сопствена проценка и анализа за потребите на пазарот на трудот, но не користат дополнителни извештаи и продлабочени анализи што укажуваат на дефицитарноста на одредени професии и занимања. Исто така, видливо е дека нема/или има многу мала соработка меѓу локалната самоуправа/општините и понудувачите на услуги за НФОВ за да се понудат обуки соодветни со потребите на локалните бизниси. Освен тоа, видливо е дека не се користат можностите за реализација на програми што ги поддржува Владата.

Табела 7: Начин на кој понудувачите на услуги за НФОВ добиваат информации за потребата од одредена програма за образование и обука

| Одговори на испитаниците | % од понудувачите |
|---|---|
| Сопствено истражување за побарувачката | 60,0% |
| Податоци од Агенцијата за вработување | 10,0% |
| Интерес и барање на потенцијални идни учесници на обуките | 20,0% |
| Потребите за обуки од страна на донатори во Република Македонија | 10,0% |
| Потреби и барања од локалната самоуправа | 0,0% |
| Програми поддржани од Владата на Република Македонија | 0,0% |

## Карактеристики на корисниците на услуги/учесници во обуките

Констатацијата во врска со полот на учесниците на обуки заснована на податоците од понудувачите на услуги во НФОВ (табела 5) се потврдува и од податоците во прашалникот што го одговорија корисниците на услуги/учесници на обуките. Доминира женската (76 %), наспроти машката популација (24 %).

Во врска со секторот на обуките што го претпочитаат испитаниците од различен пол, женската популација е заинтересирана за условно „женски" професии и тоа лични услуги, како и здравство и социјална заштита, додека машката популација ги бирала обуките од областа на машинството, земјоделството, рибарството, ветеринарството и сл.

На графиконот 4 се претставени одговорите на прашањето: *Од кој сектор е обуката што ја посетувавте?*

Графикон 4: Посетеност на обуките според сектори и пол




Во однос на интересот што го имаат вработените/невработените испитаници за стекнување и/или усовршување на своите компетенции преку програмите за НФОВ, може да заклучиме дека доминира категоријата невработени испитаници. Ова е логично со оглед на тоа што тие имаат најголема потреба да ги усовршат или да се стекнат со нови компетенции и да се пласираат на пазарот на трудот.

Меѓутоа, не треба да го потцениме ниту бројот на вработените испитаници што ги посетувале обуките за НФОВ, што значи дека има потреба за усовршување или почнува да се развива свеста за потребата од доживотно учење во персоналната и професионалната сфера од животот.

Во следната табела се дадени податоците за статусот на учесниците на обуките (вработени и невработени) според пол.

Воочливо е дека обуките почесто биле посетувани од невработени лица наспроти вработени лица и при тоа доминира женската популација. Во рамките на категориите вработен – невработен, нема статистички значајна разлика според полот.

Табела 8: Процент и број на учесниците на обуките за НФОВ според работен статус и пол

| | Вработен/а | | Невработен/а | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 37,1% | 11 | 63,0% | 17 | 28 |
| Женски | 38,9% | 33 | 61,2% | 52 | 85 |
| **Вкупно** | | 44 | | 69 | 113 |

## Соодветност на понудата на програми за НФОВ со побарувачката

Прашалникот содржеше прашање што се однесуваше на *соодветноста на програмите за НФОВ што се нудат со нивното побарување на пазарот на трудот*. Ставовите на сите четири категории испитаници се во насока дека понудата на програми е соодветна на побарувачката.

Имено:

- 90 % од испитаниците понудувачи на услуги за НФОВ одговориле дека водат сметка за тоа програмите за образование на возрасните што ги нудат да имаат побарувачка на пазарот на трудот.
- Две третини од претставниците од средните стручни училишта исто така се согласија дека за профилите што ги нудат во училиштата има побарувачка на пазарот на трудот.
- Повеќето од анкетираните претставници од општините се согласија дека во нивната општина се нудат програми за кои има побарувачка на пазарот на трудот.

Претходно наведените ставови се поткрепија и со мислењето на учесниците на обуките. Тие одговориле дека се согласуваат дека *знаењата, вештините и ставовите што ги стекнале на обуката се современи и во согласност со побарувачката на пазарот на трудот*.

Графикон 5: Согласност на испитаниците за соодветноста на понудата на програмите со побару вачката на пазарот на трудот (нема одговори во категориите „воопшто не“ и „главно не“)




Анализата на дискусиите во фокус-групите со претставниците на верификуваните понудувачи на услуги во врска со прашањето за пазарната ориентираност на нивните програми ги потврди претходните ставови. Тие додале дека програмите се делумно пазарно ориентирани за западноевропските земји и голем дел од веќе обучените учесници на обуките заминале да работат во некоја од европските земји. Во фокус групите е дадена иницијатива, пред изготвување на програмите за НФОВ самите установи/институции да прават подлабоки истражувања за потребите на пазарот и врз основа на добиените резултати да изготвуваат програми. Исто така, беше наведено дека дел од понудувачите на услуги прават основни анализи за сопствена потреба, а некои едноставно ги следат потребите на клиентите со кои соработуваат.

Интересен е податокот дека најголемиот број од испитаниците - претставници на средните стручни училишта, се изјасниле дека *учениците лесно се вработуваат во соодветната струка/профил откако ќе го завршат образованието*. Ова, заедно со претходно анализираните одговори, е во спротивност со податоците за невработеноста обезбедени од АВРМ и резултатите од Студијата[12] за следење на завршените ученици и студенти

12 Tracing secondary vocational and tertiary education graduates In the former Yugoslav Republic of Macedonia, стр.5, https://www.etf.europa.eu/en/publications-and-resources/publications/tracing-secondary-vocational-and-tertiary-education

во 2016, каде што според анализираните податоци - шест месеци по завршувањето на стручното образование, помалку од половината (41%) завршени средношколкци биле евидентирани како активни баратели на работа и само мал дел од нив (21%) биле вработени.

Ова исто така се потврдува и со ставовите на учесниците во врска со можностите за вработување по завршената обука. Имено, корисниците што ги посетувале обуките за НФОВ на прашањето во врска со тоа *дали знаењата, вештините и ставовите што ги стекнале на обуката им помогнале побрзо да се вработат,* имаат поделени мислења (графикон 6).

Графикон 6: Согласност на корисниците на услуги за НФОВ во врска со тврдењето *„знаењата, вештините и ставовите што ги стекнав на обуката ми помогнаа побрзо да се вработам“*




## УЧЕСНИЦИ НА ОБУКИТЕ

Кај корисниците на услуги за НФОВ има поделени мислења во однос на тоа дека *знаењата, вештините и ставовите стекнати на обуката помогнале за напредување на работното место,* скоро на 1/3 воопшто не им помогнало, а на малку повеќе од 1/3 им помогнало (графикон 7). Може да се претпостави дека ова е поврзано и со тоа дали посетувањето на обуката била лична одлука или пак по препорака на работодавачот.

Графикон 7: Согласување на учесниците на обука за НФОВ за тоа дека *„знаењата, вештините и ставовите што ги стекнав на обуката ми помогнаа да напредувам на работното место"*




Корисниците/учесниците на обуките сметаат дека имаат потреба од дополнителни компетенции за вработување или за напредување на работното место, што се согледува од нивото на нивната согласност со тврдењето *имам потреба да ги надоградам своите компетенции за да се вработам и/или да одговорам на потребите на работното место.* Во врска со ова, 71,4 % од испитаниците сметаат дека имаат потреба за надградување на компетенциите, а само 18,7 % мислат дека имаат доволно компетенции за да одговорат на работното место. Овие одговори, делумно не се согласуваат со тврдењето на најголемиот процент на понудувачи на обука дека понудата е ориентирана кон потребите на пазарот на трудот.

За да се реши состојбата со осовременувањето на компетенциите на учениците, повеќе од две третини од испитаниците од средните стручни училишта се согласуваат дека *би требало да се изврши приспособување на наставните програми кон современите тенденции од соодветната струка/профил*.

## 3.2. Инклузивност на програмите за неформално образование на возрасните

Инклузивноста на програмите за неформално образование е еден од предусловите за креирање модерен систем за образование и обука каде што нема да постои дискриминација од етничка, полова, верска, расна и друга природа и каде што лицата од ранливите категории, како и лицата со попреченост ќе можат да го реализираат својот потенцијал, ќе станат активни учесници на пазарот на трудот и ќе придонесат за својот личен развој и развојот на општеството во целина.

Во врска со инклузивноста на програмите, во секој од инструментите имаше група на прашања. При анализата на одговорите е направен агрегиран индекс од соодветните прашања (ставки) и направено е дополнително пресметување на процентот од испитаниците (одговорите во категоријата „немам мислење“ се прекодирани).

Подетален опис на прашањата што се користени за индексот за инклузивност е даден во табела 9.

Табела 9: Прашања во врска со инклузивност

| Код | Испитаници | Опис на ставки во инструментот |
|---|---|---|
| AA | Понудувачи на услуги за образование на возрасни | ▶ Можност за приспособување на програмата за обука во НФОВ за лица со пореченост<br>▶ Достапност на програмата на повеќе јазици (македонски, албански, итн.)<br>▶ Полова структура, верска и етничка припадност на обучувачите |
| AB | Средни стручни училишта | ▶ Можности за пристап, услови и учество за лица со пореченост<br>▶ Достапност на наставните програми на повеќе јазици (македонски, албански, турски и сл.)<br>▶ Полова структура, верска и етничка припадност на наставниците |
| AC | Корисници на програми за НФОВ | ▶ Дискриминација за време на обуката<br>▶ Лица со попреченост во групата во која биле обучувани<br>▶ Реализација на обуката на мајчиниот јазик на учесниците<br>▶ Пол, верска и етничка припадност на обучувачите |
| AD | Општини | ▶ Достапност на програмата на различни јазици (македонски, албански, итн.)<br>▶ Понудата на програми да биде достапна за сите без разлика на национална, етничка, расна, полова и здравствена состојба |

Графикон 8. Оценка на провајдерите и учесници на обуките за инклузивност на понудата




- 44,5 % од провајдерите се согласуваат дека понудата на обуката е инклузивна;
- 59,4 % од корисниците на неформалното образование за возрасни се согласуваат дека обуката што ја поминале е инклузивна.

Може да се констатира дека има статистички значајна разлика во одговорите поврзани со инклузивноста меѓу понудувачите на обуки и корисниците на НФОВ (во категоријата „во потполност да"), при што провајдерите се повеќе критични (можеби поради нивното подобро разбирање на инклузивноста).

Понатаму, во Извештајот подетално се анализирани аспектите и одговорите на испитаниците во врска со инклузивноста на понудата и обуките.

## Возраст на учесниците на обуките

Најголем дел од учесниците во обуките за НФОВ (околу две третини) се на возраст над 30 години и кај машката и кај женската популација. Ова претпоставува дека тоа е возрасната категорија што има најголема потреба од унапредување на своите компетенции или пак за стекнување на нови. Интересен податок е и процентот на женски лица кои учествувале на обуки а се на возраст 15–18 години (иако е само 2,4 %), затоа што ова се лица кои според законската регулатива би требало да бидат во формалниот систем на средно образование.

Приказот на возрасната структура на корисниците што се опфатени во истражувањето е даден на следниот графикон.

Графикон 9: Возрасна структура на учесниците на обуки според пол




## Етничка припадност на учесниците на обуките

Податоците за распределбата на корисници на програмите за неформално образование на возрасни кои се вклучени во истражувањето според етничка припадност, се дадени во табела 10.

Табела 10: Корисници на услугите за НФОВ според етничка припадност и пол

| | Македонец/ка | Албанец/ка | Ром/ка | Србин/ка | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 74,1% | 14,8 % | 11,1 % | 0,0 % | 0,0 % | 100% |
| Женски | 60,0% | 33,0 % | 3,5 % | 2,4 % | 1,2 % | 100% |

Може да забележиме дека, според етничката припадност во примерокот на корисници на услуги од НФОВ, во проектните сектори и региони најмногу се застапени Македонците со 67 %, потоа Албанците со 23,9 %, Ромите со 7,3 % и Србите со 2,4 %.

Треба да се нагласи дека со оглед на високата стапка на невработеност меѓу Ромите[13], проценката на советот на Европа за 2016 е дека околу 70% роми се невработени, нивната застапеност во обуките за НФОВ е многу мала (и тоа посебно женски пол). Ниското образовно ниво, како и несоодветните квалификации за пласман на пазарот на труд секако се причина повеќе за социјалната исклученост на оваа маргинализирана група. Причините за малата вклученост во НФОВ можат да бидат од различна природа: недостиг на финансии (поради тоа што за голем дел од програмите е потребно самофинансирање од страна на учесниците), недоволна информираност, немање на понуда на програми на ромски јазик, итн.

## Образовно ниво на учесниците на обуките

Во однос на образовното ниво, корисниците на програмите за НФОВ беа прашани *за нивното највисоко ниво на образование што го завршиле пред обуката.* Врз основа на нивните одговори, може да констатираме дека најголем процент од нив се со средно образование (77 %), со помал процент има учесници со високо образование (14,2 %) и со основно образование (8,9 %). Нема учесници во програмите што се без образование, што е и логично, бидејќи предуслов за вклучување во која било од програмите за НФОВ е минимум основно образование.

Овие податоци, кои се однесуваат на обуките за НФОВ во 2017 и 2018 година и на четирите региони и седумте сектори во Проектот, се во согласност со податоците од истражувањето Образование на возрасните во 2016 година (поглавје 1 во овој Извештај).

13 Совет на Европа, CAHROM, тематски извештај за образование и обука на ромите, септември 2016 https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806a9332

## Достапност на програмите за различни групи

Според одговорите на испитаниците – понудувачи на услуги за НФОВ, скоро сите (90 %) водат сметка *програмите што ги нудат да бидат достапни за сите категории граѓани без разлика на нивната верска, национална, етничка, расна и полова припадност, како и здравствена состојба.* Понудувачите на услуги, исто така (близу 80 %) сметаат дека програмите што ги нудат се достапни и/или лесно приспособливи за лица со попреченост.

Овие ставови се поткрепени и со мислењето на корисниците на програмите за НФОВ. Скоро 85 % од нив се изјасниле дека *во текот на обуката не почувствувале дискриминација од кој било вид* (верска, национална, етничка, расна, полова итн.).

Одреден процент (18,8 %) од корисниците на програмите за НФОВ изјавија дека *во обуката што ја посетувале, учествувале и лица со посебни потреби.* Ова е охрабрувачки податок, односно почнуваат да се рушат предрасудите за лицата со попреченост и тие се подготвуваат за нивно вклучување на пазарот на трудот. Исто така, значајно е да се напомене дека понудувачите на програмите, во фокус групите изјавија дека се подготвени да извршат промени и приспособувања на програмите и реализацијата на обуките во согласност со специфичните потреби и попреченоста и се подготвени да обезбедат соодветен обучувач што би помогнал тие подобро да напредуваат во стекнувањето на компетенциите.

Споредено со понудувачите на обуки во НФОВ, повеќето испитаници од формалното ССО се изјаснија дека воопшто или главно немаат услови за учење на ученици со посебни образовни

потреби. Овој податок е поразителен со оглед на тоа што концептот на инклузија веќе деценија наназад е законски овозможен во формалното и задолжителното образование. Ова укажува на само декларативните заложби на раководните структури за инклузивност во училиштата.

Во однос на кадарот што е вклучен во реализацијата на програмите за НФОВ и во реализација на наставните програми од ССО, би можело да се констатира дека принципот на инклузија се почитува во однос на полот, како и на етничката и верската определба на наставниот кадар. Сличноста на ставовите на сите категории испитаници во истражувањето е видлива на графиконот прикажан подолу.

Графикон 10: Балансираност на наставниот/обучувачкиот кадар по пол, етничка и верска припадност




Според одговорите на претставниците од понудувачите на програми од фокус-групите, програмите се нудат на повеќе јазици, а доколку има потреба се обезбедуваат обучувачи или пак преведувачи за да можат учесниците непречено да ја следат обуката.

## Заинтересираност за програмите од различните групи

Во однос на интересот за определени обуки што го пројавуваат припадниците на различни етнички заедници, може да се каже дека постои разлика меѓу Македонците, Албанците и Ромите за секторот во кој е обуката. Во графиконот подолу се прикажани податоците за испитаниците според националноста и нивниот интерес за обука во различни струки/профили.

Графикон 11: Сектори што ги избирале учесниците на обука од различна етничка припадност




Може да се забележи дека учесниците во програмите за НФОВ од македонска националност најмногу се заинтересирани за обуки од секторот здравство и социјална заштита, како и за секторот лични услуги. Припадниците на албанската етничка заедница пак, со скоро 90 %, се заинтересирани за посета на програмите од секторот лични услуги.

Одговорите на женските припадници од ромската националност покажаа дека се заинтересирани за програми од секторите здравство и лични услуги, а мажите Роми покрај овие два сектори заинтересирани се и за програми од областа на машинството.

## 3.3. Реализација на програмите за неформално образование на возрасните

Квалитетот на реализацијата на програмите за неформално образование на возрасните е еден од основните предуслови за крајните корисници на овие обуки да се стекнат со соодветни компетенции од струката/профилот за кој се обучуваат. Ова е индиректен показател за нивниот успешен пласман на пазарот на трудот. Квалитетот во креирањето и реализацијата на НФОВ исто така влијае и на атрактивноста на понудените обуките, па и на финансиската структура на самата обука.

Темите од истражувањето преку кои го испитувавме квалитетот на реализацијата на програмите се однесуваат на: користење на современи и интерактивни наставни методи и техники за подучување при реализација на програмите, компетентност на обучувачите/наставниците за соодветната струка/профил, како и користењето на современи алатки, машини, материјали, опрема и слично во согласност со потребите на работните места за кои се обучуваат учесниците.

### Наставни методи и техники

Претставниците на средните стручни училишта се воздржани во проценката за користењето на современи и интерактивни наставни методи и техники за подучување во наставните програми. Половина од нив се изјаснија дека немаат мислење, а 16,7 % се изјаснија дека не се користат современи наставни методи. Тоа укажува на фактот дека на наставниот кадар од средното образование му е потребна поддршка за стекнување и надградба на нивните компетенциите за примена на современа настава, како и специфичности за соодветна струка/профил.

Анкетираните учесници на обуките за НФОВ се сложуваат со тврдењето дека *обучувачите поседувале современи знаења, вештини и компетенции од соодветната струка/профил*, што значи дека за реализација на програмите за НФОВ се вклучувале соодветни обучувачи.

При изјаснувањето на понудувачите на обуки, во рамките на спроведените фокус-групи се искажаа мислења дека има тешкотии во наоѓање на обучувачи за одредени специфични занимања (како на пример бравар или заварувач) и дека потешко се усогласуваат термините за реализација на обуките со професионалниот ангажман на обучувачот. Провајдерите изјавуваат дека обучувачите кои ги ангажирале користат современи и интерактивни наставни методи и техники.

На графикон 12 се претставени одговорите во врска со методите и техниките на настава од трите групи испитаници.

Причините за големите разлики во одговорите на ова прашање меѓу испитаниците од формалното образование и од неформалното образование можеби е, сеуште повеќе традиционалната реализација на наставните програми во училиштата за средно стручно образование, но и недоволната критичност при одговарањето на прашањата од страна на провајдерите за обука во НФОВ.

Графикон 12: Согласност на испитаниците за *користењето современи и интерактивни наставни методи при реализација на наставата/обуките*




## Користење алатки, машини, материјали, опрема и слично при обуката

Сите понудувачи на услуги за НФОВ се изјаснија дека користат алатки, машини, материјали и слично, во согласност со потребите на работните места. Од графиконот 13 може да се заклучи дека и мислењата на учесниците на обуките и провајдерите се речиси идентични, додека пак мислењата на претставниците од средните стручни училишта значително се разликуваат.

Причините за ваквата разлика е затоа што повеќето од понудувачите на услуги за НФОВ се приватни компании коишто се обидуваат за реализација на програмата да ги обезбедат сите потребни материјали, алатки и сл., додека пак средните стручни училишта се институции што немаат доволно ресурси и средства соодветно на струката.

Но, има и понудувачи на услугите за НФОВ, кои за одредени специфични занимања имаат тешкотии да набават соодветна апаратура и материјали, делумно поради нивната финансиска немоќ и ниската цена на обуките.

Графикон 13: Согласност на испитаниците за *користење современи алатки, машини, материјали, опрема и слично во согласност со потребите на работните места*




## 3.4. Соработка во рамки на општествената средина

Развојот на достапни, современи и инклузивни програми за неформално образование на возрасните и формалното стручното образование и обука, меѓу другото зависат од воспоставената соработка на понудувачите на овие услуги со локалната и пошироката општествена заедница. Во рамки на ова истражување испитаниците од трите категории: провајдерите кои нудат обуки во НФОВ, од средните стручни училишта и од локалната самоуправа, беа прашани за степенот на нивна соработка со работодавачите, со Центарот за образование на возрасни и со Агенцијата за вработување.

## Соработка со работодавачите

Од добиените одговори *на прашалниците* може да се каже дека провајдерите за неформално образование на возрасните имаат изградено одредена соработка со бизнис-секторот, со високото образование, како и со државните институции што нудат поддршка при креирањето и реализирањето на програмите за неформално образование на возрасните.

Имено, 80 % од понудувачите на услуги за НФОВ тврдат дека имаат остварено соработка со бизнис-секторот. Но, овие одговори на прашалникот, не се потврдуваат со податоците добиени од фокус-групите. Претставниците од провајдерите, изјавуваат дека не постои добра соработка ниту со локалната самоуправа ниту со работодавачите, посебно во однос на:

- прецизна анализа за тоа кои обуки и квалификации се потребни; и
- можност да се реализира практичниот дел од обуката за стекнување вештини во компаниите.

Испитаниците од средните стручни училишта изјавуваат дека постои соработка со работодавачите. Околу две третини од овие испитаници се изјасниле дека соработуваат со бизнис-секторот за реализација на практичната настава и дека најголем дел од учениците практичната обука ја реализираат во локалните компании.

## Соработка со институциите

Во системот на НФОВ, могу е битна сработката со установата Центар за образование на возрасните (ЦОВ), како и со Агенцијата за вработување (АВРМ). Во врска со ова, испитаниците од сите категории: провајдери за НФОВ, општини и средни стручни училишта, имаат главно позитивен став. Ова се потврди и од одговорите на прашалниците, но и од испитаниците од реализираните фокус-групи.

Во врска со ова:

- повеќе од половината испитаници од општините одговориле дека главно успешно соработуваат со ЦОВ за верификување на програмите за неформално образование и обука; и
- 70% од провајдерите изјавиле дека соработуваат со АВРМ, но 10% дека воопшто не соработуваат иако за нив оваа институција би требало да биде еден од главните извори на информации за побарувачката, односно презаситеноста на пазарот на труд со определени профили.

## Информираност за понудата на програми

Битна информација во ова испитување за пазарната ориентираност на програмите што се нудат во НФОВ е, колку се на некој начин „пазарно ориентирани" самите понудувачи на обуки, во смисла во која мерка и на каков начин ги информираат можните идни корисници на нивните услуги/обуки.

Во врска со ова ги прашавме учесниците на обуките  за тоа како дошле до информацијата дека се нуди обуката што ја посетувале. Од нивните одговори може да се заклучи дека најмногу се информираат преку електронските медиуми (телевизијата, радиото, интернетот, рекламите), но и дека добиле информации од АВРСМ. Помал процент од нив се информираат од претходни учесници на обуките, а најмалку од локалната самоуправа.

Тоа ни укажува на моќта што ја имаат медиумите да допрат до тие на кои им е потребна услуга од областа на НФОВ, но и институционалната поддршка од страна на АВРМ како стожер меѓу останатите институции за насочување и обезбедување обуки и можности за вработувања.

Но, не е за потценување и податокот дека скоро 1/4 од учесниците на обуките добиваат информации од претходни учесници на истата обука. Ова е важен податок кој посочува дека понудувачите на услуги во НФОВ треба континуирано да се грижат и да го подигаат сопственото ниво на атрактивноста и квалитетот на обуките што ги нудат.

Загрижувачко е минималното учество на локалната самоуправа во информирање и промовирање на неформалното образование и обука, посебно затоа што таа би требало да биде местото каде што на локално ниво се спојуваат потребите на компаниите и понудата на институциите за формално и неформално образование и обука.

Графикон 14: Одговори на учесниците на обуките во врска со начинот на добивање информации за програмите за НФОВ





# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Некои од основните функции на стручното образование и обука, како и образованието на возрасните, се да го подобрат пристапот на младите и возрасните до можностите за работа, да им овозможат напредување на пазарот на труд, но и да го зголемат нивниот потенцијал. Развивањето на овие функции ќе придонесе кон намалување на нивната исклученост од светот на работата и општеството во целост. Единствено преку континуираното приспособување кон менливите потреби на современиот пазар на трудот, со воведувањето на иновации во подучувањето и реализацијата на обуките, со почитувањето и целосната реализација на концептот на инклузија во контекст на доживотното учење, младите и возрасните можат да помогнат да се намали сиромаштијата и социјалните разлики и да ги поддржат процесите за одржлив развој.

Анализата на податоците добиени од спроведеното истражување укажува  на комплексноста на прашањето за пазарната ориентираност и инклузивноста на програмите за неформално образование на возрасните. Треба да се напомене дека при анализата и интерпретацијата на резултатите забележавме појава на социјално пожелни одговори што се јавува скоро кај сите општествени истражувања главно поради менталитетот што владее на ова поднебје, како и стравот да се искаже своето искрено мислење (особено ако тоа не е во согласност со она што испитаниците сметаат дека истражувачот сака да го слушне). Бидејќи во истражувањето се вклучени испитаници кои нуделе или посетувале обуки за неформално образование во седум економски сектори и четири плански региони во Република Северна Македонија, не е пожелно заклучоците да се генерализираат.

Во однос на **пазарната ориентираност на програмите за неформално образование на возрасните**, секоја категорија испитаници смета дека програмите за неформално образование на возрасните што се нудат се во согласност со побарувањата на пазарот на трудот. Но, овие ставови можеме да ги сметаме за субјективни, бидејќи во понатамошното испитување на нивните мислења дознаваме дека испитаниците во

многу мал процент се служат со дополнителни анализи и документација за дефицитарни професии и струки во државава и дека се соочуваат со недостиг од стратешки насоки за развој на дефицитарни занимања. Деталната анализа ни говори дека и при вработувањето, учесниците на обуките се соочуваат со потребата од дополнителни компетенции за вработување или за напредување на работното место. Ова укажува на тоа дека има потребата за приспособување на наставните програми кон современите тенденции од соодветната струка/профил со цел да се обезбеди соодветен пласман на пазарот на трудот, како и да се зголеми атрактивноста на самите програми.

**Инклузивноста на програмите за неформално образование на возрасните** е еден од предусловите за креирање современ систем за образование и обука. Во ваквиот систем, нема да постои дискриминација: од етничка, полова, верска, расна и друга природа, како и лицата со попреченост, ќе можат да го реализираат својот потенцијал и ќе можат да станат активни учесници на пазарот на трудот. Од истражувањето може да заклучиме дека инклузивноста декларативно се почитува. Тоа е видливо во тврдењата на понудувачите на програмите за НФОВ кои водат сметка програмите што ги нудат да бидат достапни за сите категории граѓани. Овие ставови се поткрепени и со мислењата на повеќето од корисниците на програмите за НФОВ, кои во *текот на обуката НЕ почувствувале дискриминација од кој било вид*. Исто така, значајно е да се напомене дека понудувачите на програмите за НФОВ се волни да извршат промени во наставните програми за оваа категорија граѓани во согласност со нивната попреченост и да обезбедат соодветен обучувач што би помогнал тие подобро да напредуваат во стекнувањето на компетенциите. Меѓутоа, испитаниците од ССО изјавија дека не постојат услови за учење на ученици со посебни образовни потреби.

Во однос на наставниот кадар што е вклучен во реализацијата на програмите за НФОВ и во ССО, може да се каже дека принципот на инклузија се почитува во однос на етничката, половата и верската определба. Се почитува и начелото за реализација на програмите за НФОВ на мајчиниот јазик на учесниците.

За **квалитетот на реализацијата на програмите за неформално образование на возрасните** постои разлика во мислењата за компетентноста на наставниот кадар, како и за примена на соодветни интерактивни методи и техники при реализацијата на наставниот процес. Имено, одговорите од испитаниците укажуваат дека обучувачите вклучени во НФОВ во голема мера користат современи методи на подучување. Во ССО има недостиг од современи алатки, машини, материјали, опрема и сл. во согласност со потребите на работните места, што значи дека учениците не се во можност да стекнат соодветни компетенции. Со истиот проблем се соочуваат и понудувачите на програми за НФОВ за одредени специфични занимања за кои имаат тешкотии да набават соодветна апаратура и материјали, и имаат тешкотија да најдат соодветни обучувачи .

Во однос на **соработката со потесната и пошироката општествена средина може да се заклучи** дека понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните имаат воспоставено

базична соработка со бизнис-секторот, високото образование, како и со државните институции што нудат поддршка при креирањето и реализирањето на програмите за неформално образование на возрасните. Но, се констатира и дека не постои доволно добра соработка со локалната самоуправа и работодавачите во однос на прецизната анализа за тоа кои обуки и квалификации се потребни, како и за реализација на практичните вештини во дел од компаниите.

Интервјуираните претставници од понудувачите на услуги за НФОВ (во рамки на фокус-групите) сметаат дека немаат добра соработка со локалната самоуправа и немаат поддршка при креирање и реализација на нивните програми. Инспитаниците искажуваат позитивни ставови во однос на соработката со ЈУ Центарот за образование на возрасните и Агенцијата за вработување.



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Cedefop (2017). On the way to 2020: data for vocational education and training policies. Country statistical overviews – 2016 update. Luxembourg: Publications Office. Cedefop research paper; No 61.

ETF (European Training Foundation)/VET Centre, 2017. Torino Process 2016-2017, National report of Republic of Macedonia, Skopje, 2016

ETF, Torino Process 2018-2020, National Reporting Template, the Former Yugoslav Republic of Macedonia, 2018

European Commission, 2016. A New Skills Agenda for Europe, Working together to strengthen human capital, employability and competitiveness, {SWD(2016) 195 final}, Brussels, 10.6.2016, COM(2016) 381 final

European Commission, Draft 2015 joint report of the Council and the Commission on the implementation of the Strategic framework for European cooperation in education and training (ET 2020), COM(2015) 408 final

Закон за образование на возрасни (Службен весник на РМ бр. 07 од 2008 година)

Закон за средно образование (Службен весник на РМ број 52 од 2002 година)

Закон за Националната рамка за квалификации, Службен весник на Република Македонија бр. 137/2013 и 30/2016

Закон за стручно образование и обука (Службен весник на Република Македонија бр. 71 од 08.06.2006)

Министерство за образование и наука / Центар за стручно образование и обука, 2010. Концепт за пост-средно образование

Министерство за образование и наука, Основи на македонската рамка на квалификации, Техничка поддршка на ЕУ до Министерството за образование и наука за проекти за доживотно учење 2013.

Министерство за образование и наука, Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020 со Акционен план, Скопје, 2013

Министерство за образование и наука, Концепт за модернизација на техничко образование, 2016

Проект на Светска банка за развој на вештини и поддршка на иновации (СДИПР), Закон за образование на возрасни (Службен весник на РМ бр. 07 од јануари 2008 година)

Severity of the Issue of Excluded Young People in Macedonia from Education, Trainings and Employment: How to Cope With? UTMS Journal of Economics 8 (3): 295–306., Blagica Novkovska, 2017

Васил Ѓоргов 16, 1000 Скопје
Република Северна Македонија